# ВОДИЧ

## СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО

Оваа публикација е подготвена од страна на проф. д-р. Милан Недков со великодушната поддршка на Агенцијата на САД за Меѓународен Развој (УСАИД)

Мислењата изразени во оваа публикација им припаѓаат на авторите и не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за Меѓународен Развој и Владата на Соединетите Американски Држави.

## 1. ОПШТИ НАПОМЕНИ ЗА СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО:

На најопшт начин собранието на акционерското друштво може да се означи како орган во кој се обединуваат сите акционери заради остварување на своите права во работите на друштвото.

а) Секое акционерско друштво, покрај органите на управување мора да образува и собрание. Без создавање на собрание акционерското друштво не може ниту да се оформи како правно лице, а уште помалку може регуларно да функционира. Собранието е, во таа смисла, облигаторен орган на акционерското друштво. Ова тврдење произлегува од одредбите на Законот за трговски друштва, коишто се однесуваат на внатрешната организација на друштвото. Така во став 3 на членот 342 од законот е пропишано дека одредбите за собранието соодветно ќе се применуваат како на друштвата со едностепен систем на управување така и на друштвата со двостепен систем на управување. Од тоа треба да се заклучи дека собранието обврзано се создава без оглед кој систем на управување ќе биде избран од страна на акционерското друштво, но исто така, без оглед кој систем на управување е избран од страна на друштвото, положбата, организацијата и функционирањето на собранието не се менуваат.

Кон ова треба да се додаде и основната одредба во која е дефинирана положбата на собранието, а тоа е одредбата содржана во став 1 на членот 382 од Законот за трговски друштва и која гласи "Акционерите своите права во друштвото ги остваруваат на собранието, освен ако со овој закон не е поинаку определено". Оваа одредба треба да се дополни со зборовите "во работите на друштвото", па така оваа одредба би гласела: Акционерите своите права во работите на друштвото ги остваруваат на собранието, освен ако со овој закон не е поинаку определено. Вака формулираната одредба, вообичаена во законите за трговските друштва во земјите од таканаречениот германски правен круг, упатува на суштинската улога на собранието во устројството на акционерското друштво во кое собранието е единствен орган каде акционерите можат да учествуваат во одлучувањето за работите на друштвото, па според тоа каде што можат да ги остваруваат своите права, ако со законот не е поинаку определено. Во таа смисла, собранието е средишно место во чии рамки акционерите ги остваруваат своите права. Станува збор за остварување на таканаречените управувачки права, а не за таканаречените имотни права, како што се на пример, располагањето со акцијата, учеството во распределба на добивката, или учеството во распределбата на остатокот од ликвидационата односно стечајната маса. Но, и кога управувачките права акционерите ги остваруваат надвор од собранието на друштвото, треба да се рече дека и тие права се поврзани со собранието и последица е на она што таму се случувало.

Исклучок од правилото дека во акционерското друштво обврзно се образува собрание е акционерското друштво основано од едно лице. Единствениот акционер своите права во работите на ваквото акционерско друштво ги остварува, по правило, преку својот орган на управување. Статутот може да утврди и поинакво решение.

б) Собранието на акционерското друштво е орган на друштвото, во кој по дефиниција се вклучени сите акционери. Во овој инаку основен дефиниторен елемент на собранието, има два поделементи кои треба да се имаат во видно поле.

Првиот поделемент е изразен во синтагмата "орган на акционерското друштво". Таа синтагма означува две работи. Првин, означувањето на собранието како орган на акционерското друштво ја исклучува можноста собранието да се сфати како "заедница на акционерите" која може да учествува во одлучувањето за работите на друштвото било преку нејзино (а) конституирање во парламентот, било преку (б) писмена консултација, која го исклучува образувањето на собранието или барем во поголем дел се супституира на негово место. Во таа смисла, акционерите не можат да одлучуваат за работите во друштвото надвор од собранието, дури и кога сите би се сложиле за тоа. Во тоа е разликата меѓу акционерското друштво и друштвото со ограничена одговорност. Потоа, означува дека не е претставничко тело на акционерите, туку собир на сите акционери на друштвото. Акционерите не избираат свои претставници на собранието, туку тие врз основа на својството акционер имаат легитимација да учествуваат во работата на собранието. Оттаму, за учеството во работата на собранието е доволно поседувањето на својството акционер.

в) Во рамките на поделбата на работите (овластувањата) меѓу органите на акционерското друштво како правно лице, собранието е овластено да учествува во донесувањето на значајните одлуки што се однесуваат на основите и устројството на друштвото, како и да избира и отповикува, но и да врши надзор над органите што управуваат со друштвото. Вршењето на тие работи во име на друштвото треба да се вршат во рамките што на собранието им се доверени на акционерите. Оттаму, акционерите врз основа на акцијата стекнуваат еден сноп на права во врска со вршењето на овластувањата во собранието, како што се правото на учество во работата на собранието, давањето иницијатива за работата на собранието, учество во расправа и конечно, гласањето за предлозите и одлуки што треба да ги донесе собранието. Во таа смисла, собранието е орган преку кој акционерите по правило ги остваруваат своите права во работите на друштвото. Некои права од управувачка природа, акционерите, согласно на законот, ги остваруваат надвор од собранието, како што се, на пример, правото на известување или правото на контрола.

Кон ова треба да се додаде дека собранието не е постојан орган, орган во постојано заседание, туку орган кој дејствува повремено, од случај до случај. Всушност, собранието мора да се одржи еднаш

годишно, а ако има потреба и повеќе пати. Наспроти, собранието, органот на управување и органот на надзор, ако се образува, дејствуваат во континуитет.

г) Конечно, собранието како орган во чија работа учествуваат сите акционери е единствено компетентен да ја создава волјата на акционерското друштво. Всушност, во собранието се формира волјата на акционерите, а со тоа се формира и волјата на акционерското друштво. Тоа е легитимно право на акционерите, бидејќи акционерското друштво е приватноправна заедница создадена заради остварување на определена цел. Таа волја се синтетизира во одлуките што ги донесува собранието и се простира со тоа врз целината на неговата дејност. Другите органи на акционерското друштво, особено управните органи, не ја создаваат волјата на друштвото, туку тие едноставно ја изразуваат таа волја во односите со третите лица.

Значајна напомена: собранието во поглед на создавањето на волјата на друштвото е супсумирано на законот на мнозинството, а ова мнозинство се смета според бројот на акциите што ги поседува секој акционер и даваат право на глас. При тоа се тргнува од презумпцијата дека малцинството се согласило однапред да ги прифаќа и почитува одлуките на мнозинството. Во игра е демократското начело: волјата на мнозинството е волја на сите.

Уште нешто: ако се исполнети посебни услови во поглед на мнозинството, собранието на акционерското друштво може да изврши измени во статутот и со тоа да ја дерогира волјата на основачите на друштвото. Не треба да се докажува дека таканаречениот "социјален пакт", договорот меѓу основачите за основите и устројството на акционерското друштво е жртвуван на потребите на правното кое е создадено да живее нормално по цена на измени на актот со кој тоа било создадено.

Оттаму и потребата малцинството да се заштити од злоупотребата на власта од страна на мнозинството. Во исто време, треба да се спречи и спротивното: злоупотребата на правата од страна на малцинството за да се тероризира мнозинството. Од тие причини на малцинството не треба да му се признаваат многу широки права и без било какви каутели со кои ќе се заштити мнозинството, но и ќе се спречи блокирањето на друштвото. Вообичаено е во полза на малцинството да се утврдат права што се однесуваат на свикувањето и одржувањето на собранието.

## 2. ВИДОВИ НА СОБРАНИЈА:

И овој нов закон за трговските друштва се служи со ознаките: основачко собрание, собрание и посебно собрание. Основачкото собрание е собрание кое, согласно со членот 310 од законот го свикуваат основачите за да се извршат последните дејствија во основањето на акционерското друштво по сукцесивен пат. Ова собрание не е во

вистинска смисла, собрание на акционерите, туку собрание на основачите и запишувачите на акции.

Собрание е собрание на сите акционери. Во законите за трговски друштва за ова собрание е вообичаена ознаката општо собрание. Нашиот нов Закон за трговски друштва, како и пред него законот за трговските друштва од 1996 година, едноставно ја испушта сигнатурата "општо", иако навистина ова собрание е општо собрание во споредба со посебното собрание. Во таа смисла, под капата на "собрание на друштвото" се подведува токму овој вид собрание кој во општата класификација е означено како "општо собрание на друштвото", собрание кое го сочинуваат сите акционери и кое има обврска да се состане/одржи најмалку еднаш во текот на деловната година за да ги усвои годишната сметка и евентуално другите финансиски извештаи, како и годишниот извештај за работата на друштвото, да одлучи за употреба на добивката или за покривање на загубата и да ја одобри работата на органите на друштвото. Македонскиот Закон за трговски друштва не утврдува собранието во еден случај да работи како "општо редовно собрание", а во друг случај да работи како "општо вонредно собрание". Таквата поделба на општите собранија на акционерските друштва, македонскиот законодавец ја смета за непотребна и од правна гледна точка за сосема ирелевантна. Законодавецот најстојува работата на собранието да се поедностави и да ги одбегнува тешкотиите кои можат да се јават во одржувањето на "општи вонредни собранија", кои посебно би се свикувале, на пример, за донесување на одлуката за измени на статутот. Во ваков случај се смета дека е доволно да се утврдат правила за постапката според која ќе се донесе одлуката за измени, а за собранието е доволно пропишување на посебно квалификувано мнозинство со кое таа одлука може да се донесе.

Посебното собрание се разликува од општото собрание во две прашања. Прво, разликата се манифестира во составот на собранието. Посебното собрание, за разлика од општото, е собрание на акционерите кои се сопственици на определен род на акции, особено на приоритетни акции, а посебно на приоритетни акции без право на глас. Второ, разликата се манифестира во карактерот на посебната одлука што се донесува на посебното собрание. Таа одлука има функција да се заштитат интересите и правата на сопствениците на одделен род на акции, доколку со одлуката на општото собрание тие права бидат изменети, особено смалени или евентуално укинати. Секогаш одлучувањето на посебното собрание е предизвикано од респективното одлучување на општото собрание. Посебната одлука треба да ја изрази согласноста односно несогласноста на сопствениците на акции од посебен род за донесување одлука на општото собрание со која нивните посебни права се менуваат.

### 3. НАДЛЕЖНОСТ НА СОБРАНИЕТО:

Општото начело во поглед на надлежноста на собранието е дека собранието може да ги врши само оние работи коишто изречно се утврдени со законот и статутот во негова надлежност. Тоа е експлицитно утврдено во став 1 на членот 383 од Законот за трговските друштва каде што е определно дека собранието одлучува само за прашањата коишто се изречно определени со "овој закон" и со статутот. Оттаму, станува јасно зошто Законот за трговски друштва го користи исклучиво методот на позитивна енумерација во поглед на утврдувањето на прашањата за кој може да одлучува собранието. Но, уште нешто. Во случај на мочлење на законот и статутот во поглед на прашањата за кои одлучува собранието не може да се претпостави дека за определено прашање ќе одлучува собранието како "врховен орган на акционерското друштво". Напротив, во ваков случај се претпоставува надлежноста на другите органи во друштвото, особено на органот на управување. Не може, затоа, да се тврди дека собранието ги врши сите работи што не се во надлежност на органите на управување и надзор на друштвото, како што исто така не може да се тврди дека суштествува некаква ненапишана надлежност на собранието.

Законот за трговски друштва користи и едно посебно правило со кое на негативен начин се определува надлежноста на собранието. Тоа правило гласи: собранието не може да одлучува за прашања од областа на управувањето, односно од областа на водењето на работењето на друштвото што не се во надлежност на органите на управување, освен ако тоа со овој закон не е поинаку определено. Со оваа одредба е заменета одредбата што беше содржана во Законот за трговски друштва од 1996 година според која собранието можеше да одлучува за прашања од областа на управувањето ако тоа го побараат члченови на одборот на директори, односно управниот одбор.

Надлежноста на собранието во Законот за трговски друштва е така утврдена што овозможува да се задоволат две круцијални аспирации на акционерите, како инвеститори во акционерското друштво. Првата аспирација е секако, акционерите да учествуваат во донесувањето на клучните одлуки, т.е. одлуки од значење на устројството и развојот на друштвото. Втората аспирација на акционерите е да ги избираат членовите на органите на управување и надзор и да ја надзираат нивната работа.

Секако, во првиот круг на прашања за кои одлучува собранието спаѓаат особено следниве прашања:

а) измена на статутот на друштвото;

б) одлуките што се донесуваат на изведување на извесен број на дејствија било заради примена на одредбите на законот, било заради примени на одредбите на статутот, како што се особено: зголемувањето и намалувањето на основната главнина, промената на правата врзани за

одделни родови на акции, преобразбата на друштвото, статусните промени, издавањето на обврзници и престанок на друштвото;

в) одобрување на годишната сметка, финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година;

г) одлучување за распределбата на добивка.

Во вториот круг на прашања за кои одлучува собранието спаѓаат следните прашања:

а) избор и отповикување на членовите на одборот на директори и на надзорниот одбор;

б) одобрување на работата и на водењето на работењето на друштвото од страна на членовите на органот на управување и евентуално на надзорниот одбор;

в) назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи.

## 4. СВИКУВАЊЕ НА СОБРАНИЕТО:

Собранието се свикува (а) кога тоа е определено во законот и евентуално во статутот и (б) кога тоа (да не фали нешто) бара интересот на друштвото и на акционерите. Законот за трговски друштва создава обврска за свикување на собранието само во ситуациите кога собранието треба да донесе одлука/одлуки и што е многу значајно во определено време. Во став 1 на членот 384 од законот е пропишано дека собранието мора да се свика најдоцна три месеци по составувањето на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година, а не подоцна од шест месеци по завршувањето на календарската година или 14 месеци од одржувањето на последното годишно собрание. На ова собрание: (а) се усвојуваат годишната сметка, финансиските извештаи, годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година; (б) се одлучува за употребата на чистата добивка или за покривање на загубата, и (в) се одобрува работата на членовите на органот на управување и на надзорниот одбор. Токму заради тоа ова собрание се нарекува годишно собрание. Во Законот за трговските друштва има и други одредби во кои е содржана обврска за свикување на собранието.

Правото на свикување на собранието им е дадено на органот на управување (одборот на директори и управниот одбор), како и на неизвршните членови на одборот на директори и на надзорниот одбор. Сите тие можат да го свикаат собранието кога сметаат дека тоа го бара интересот на друштвото и на акционерите во времето меѓу две годишни собранија.

Поинаку е уредено прашањето за правото на свикување на годишното собрание. Во став 1 од членот 384 е пропишано дека годишното собрание го свикува органото на управување, т.е. одборот на

директори или управниот одбор. Но, овластувањето за свикување на годишното собрание им е дадена и на неизвршните членови на одборот на директори и на надзорниот одбор, но тие правото за свикување на собранието можат да го вршат само врз супсидерна основа. Имено, во став 3 на истиот член од законот е утврдено: ако органот на управување не го свика собранието навреме, годинешното собрание, без одлагање, го свикуваат неизвршните членови на одборот на директори, односно надзорниот одбор.

Акционерите не можат непосредно да го свикаат собранието. Не, акционерите можат да поднесат барање за свикување на собранието до органите овластени за свикување на собранието. Посебни ефекти предизвикува иницијативата поднесена од малцински акционери.

Во случај на несвикување на собранието од страна на овластените органи, собранието може да биде свикано врз основа на одлуката на судот.

Акционерите можат само да бидат известени за свикувањето на собранието било со покана, било со објавување на јавен повик, а евентуално и со покана и со јавен повик. Рокот којшто тече од денот на испраќањето на поканата и објавувањето на јавниот повик до денот на одржувањето на собранието не може да биде подолг од педесет дена ниту пократок од дваесет и еден ден од денот на одржувањето на собранието. Поканата односно јавниот повик треба да содржат известувања особено за местото и датумот на одржување на собранието, дневниот ред според кој ќе работи собранието и начинот на којшто на акционерите ќе им бидат достапни материјалите што се подготвени за собранието кое е свикано.

## 5. УЧЕСТВО ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО:

Законот за трговски друштва го прокламира основното право на секој акционер, правото да учествува во собранието. Погрешно се мисли дека правото на учество во работата на собранието е врзано само за сопственоста над акциите со правото на глас. Акционерот има интерес да учествува во работата на собранието и кога во неговата акција не е содржано правото на глас, бидејки може да учествува во расправата, да дава предлози и да изразува противење и несогласност и со тоа да влијае врз создавањето на одлуките во собранието.

Правото на акционерот на учество во работата на собранието не може да му се одземе, ниту да се ограничи со статутот на друштвото. Имено, во нашето право на друштвата нема никакви услови во поглед на учеството на акционерот на собранието на друштвото (на пример, поседување на определен број на акции), ниту такви услови можат да се пропишат со статутот на друштвото.

Сопствените акции, разбирливо, не му даваат право на друштвото на учество во работата на собранието.

а) Учество на полномошник на акционер на собранието. Акционерот на мора лично да присуствува на собранието, вршењето на правата во собранието може да му го довери на полномошник. Согласно со одредбите на Законот за трговски друштва, акционерите располагаат со апсолутно право да назначат полномошник овластен во нивно име да присуствува на собранието и на него да гласа во нивно име.

Законот за трговски друштва тргнува од слободата на акционерот по свој избор да го определи лицето кое во својство на полномошник ќе го застапува на собранието. Но, од разбирливи причини законот пропишува кое лице не може да биде назначено за полномошник, а тоа се лицата кои се членови на органите на друштвото и членовите на неговото потесно семејство, како и лица кои имаат такво својство во друштва со него поврзани.

Полномошното по правило се издава за едно собрание. Ако полномошното не содржи ограничувања или налог, полномошникот може да гласа по сопствена определба, но секогаш водејќи сметка за интересите на акционерот кој го дал полномошното.

Полномошното може да се откаже еднострано. Ако акционерот лично го евидентира присуството на собранието се смета дека полномошното за тоа собрание на полномошникот му е откажано и акционерот може своето право на глас да го остварува лично.

б) Обврска на членови на органите на друштвото да учествуваат во работата на собранието. Новиот Закон за трговски друштва, за разлика од Законот за трговски друштва од 1996 година, пропишува обврска за членовите на органот на управување и на надзорниот одбор да учествуваат во работата на собранието. Со ваквата одредба членовите на органите на друштвото се обврзани да присуствуваат на собранието секогаш, а не само тогаш кога тие сметаат дека нивното присуство е потребно. Тоа е обврска за сите членови на органите на друштвото, а не само за тие кои имаат обврски во врска со реализацијата на дневниот ред на собранието. Тие на собранието можат да гласаат само ако се акционери.

в) Учество на нотар во работата на собранието. Учеството на нотарот во работата на собранието е поврзано со водењето на записникот. Законот за трговски друштва не прогласува општа обврска за водење на записникот на собранието од страна на нотар. Во став 3 од членот 383 од Законот за трговски друштва е пропишано дека во случаите кога собранието одлучува за измена на податок, што согласно на законот, се запишува во трговскиот регистар, записникот го води нотар. Со статутот може да се предвиди дека нотарот ќе ги води записниците од сите собранија во друштвото.

## 6. ПРЕЛИМИНАРНИ ДЕЈСТВИЈА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА СОБРАНИЕТО:

На одржувањето на собранието му претходи преземањето на две многу значајни дејствија: (а) пријавување на акционерите и (б) утврдување на кворумот.

а) Список на присуство на собранието. За секое собрание мора да се изготви список на присутните акционери или на нивните полномошници. Изготвувањето на списокот е врзано за преземањето на серија дејствија.

Прво, се изготвува список на присутните акционери или нивните полномошници. Овој список се изготвува врз основа на пријавите на акционерите за учество на собранието.

Второ, списокот се става на увид во седиштето на друштвото. Органот на управување односно овластеното лице за свикување на собранието го споредува изготвениот список со состојбата во акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност четириесет и осум часа пред одржувањето на собранието.

Трето, пред одржувањето на собранието списокот на пријавените акционери го потпишува секој акционер, односно полномошник на акционер. Потпишаниот список го заверува претседавачот на собранието. Заверениот список за присуството на собранието им се дава на увид на акционероте пред првото гласање.

б) Утврдување на кворумот на собранието. Основна цел заради која се составува списокот на присутните акционери на собранието е да се создаде основа за утврдување на кворумот потребен за работа на собранието. Кворумот мора да биде постигнат на почетокот на одржувањето на собранието, но мора да постои кворум и во текот на одлучувањето по секоја точка од дневниот ред.

Собранието, согласно на став 1 на членот 393 од Законот за трговските друштва, може да работи ако на седницата присуствуваат верификувани учесници на собранието кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акции со право на глас. Со статутот на друштвото може да биде определно само поголемо мнозинство од вкупниот број на акции со право на глас. Според тоа, кворумот за работа на собранието се смета само врз основа на целината на емитувани акции што даваат право на глас.

Ако на собранието не се обезбеди кворум, собранието не може да почне со работа. За време што не е подолго од петнаесет дена од денот за којшто е закажано одржувањето на собранието коешто немало кворум, се закажува нов термин за одржување на собранието (презакажано собрание). На презакажаното собрание може да се одлучува без оглед на бројот на присутните акционери и бројот на акциите со право на глас што тие ги имаат.

## 7. ВОДЕЊЕ НА СОБРАНИЕТО:

Водењето на собранието му се доверува на претседавачот на собранието. Функциите на претседавачот се само технички. Тој го определува редоследот на реализирање на дневниот ред, ја води расправата, го одржува редот на собранието.

Претседавачот со собранието се избира за секое одделно собрание и неговиот мандат трае до изборот на претседавачот на наредното собрание. За претседавач може да биде избран секој акционер или лице кое го застапува акционерот. Ограничување: за претседавач на собранието не може да биде избран член на органот на управување и на надзорниот одбор.

Собранието именува записничар, кој не мора да биде акционер и двајца заверувачи на записникот. Собранието може да избере и бројачи на гласови.

## 8. УТВРДУВАЊЕ НА ДНЕВНИОТ РЕД НА СОБРАНИЕТО:

Дневниот ред на собранието што се свикува го составува свикувачот на собранието. Секој акционер има право во секое време да поднесува иницијатива за вклучување на точки во дневниот ред на собранието што ќе биде свикано.

Акционер, односно акционери имаат право да бараат дополнување на веќе составениот акционер, односно акционери кои поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас. Барањето на малцинскиот, односно малцинските акционери не може да се одбие, освен во случаите утврдени во законот. Ако барањето за дополнување на дневниот ред на собранието не биде ставен во дневниот ред, конечна одлука донесува собранието при утврдувањето на дневниот ред.

Акционерите, но и органите на друштвото на можат да поднесуваат барања на самото собрание да се дополни дневниот ред. Собранието ќе расправа само за барањата коишто биле дадени за дополнување на дневниот ред во постапката за свикување на собранието.

Собранието автономно го утврдува дневниот ред и определени прашања, предложени како точки на дневниот ред може да не ги прифати. Но, не може да внесува во дневниот ред, прашања кои не биле истакнати во постапката за свикување на собранието.

## 9. РАСПРАВА НА СОБРАНИЕТО:

Законот за трговските друштва прави дистинкција меѓу расправата и донесувањето на одлуки на собранието. Разбирливо, и расправата и одлучувањето се поврзани само со точките (прашањата) од утврдениот дневен ред на собранието. На ниво на принцип суштествува правилото дека собранието може да расправа и одлучува само за прашања коишто се утврдени во дневниот ред. Во став 1 од членот 390 од Законот за трговските друштва е пропишано дека собранието може да одлучува само за прашања коишто се уредно ставени на дневен ред. Но, во законот е статуиран исклучок од горното правило кој гласи: собранието може да расправа, без право на одлучување, и за прашања коишто не се уредно ставени на дневен ред.

Овластувањата на собранието не се ограничени на голо потврдување или пасивно усвојување или отфрлање на предлозите кои му се поднесени од страна на органите на друштвото. Собранието може, на иницијатива на определени акционери, да ги измени во целост или делумно поднесените предлози; собранието може исто така да усвои дополнителни одлуки се со цел прашањето да биде третирано во согласност со дневниот ред на собранието.

Секој акционер може да учествува во расправата и да ги формулира своите забелешки или да бара известување за поднесените документи на собранието или за текстот на предложените одлуки.

## 10. ГЛАСАЊЕ ВО СОБРАНИЕТО:

Клучно прашање на функционирањето на собранието е прашње за остварувањето на правото на глас од страна на акционерот. Правото на глас му овозможува на акционерот да учествува во создавањето на колективните одлуки во акционерското друштво.

а) Правото на глас. Ова право му припаѓа на акционерот врз основа на тоа што е сопственик на акцијата и може да го врши правото на глас во собранието врз основа на тоа што неговата акција е запишана на акционерската книга. Од ова право акционерот не може да биде лишен освен во случаите предвидени со законот.

Прво, можноста за исклучување на правото на глас произлегува од можноста да издава приоритетни акции без право на глас.

Второ, времено укинување на правото на глас може да настане во две посебни ситуации. Првата ситуација се однесува на лишувањето од право на глас заради постоење на конфликт на интереси меѓу акционерот и друштвото. Втората ситуација се однесува на лишување од правото на глас врз основа на санкција заради исполнување на оврските наспрема друштвото, каква што е ситуацијата заради ненавремена уплата на влогот за запишаната акција.

б) Стекнување право на глас. Стекнувањето на правото на глас е условено од уплатата на влогот. Но, зависноста меѓу стекнување на правото на глас во собранието и уплата на влогот не е апсолутна. Во статутот можат да бидат внесени и поинакви решенија, со цел да се

избегнат неприфатливите решенија од стрикната примена на правилото за целосна употреба да влогот, како што е случајот, тој што го уплатил влогот на една акција да биде единствен акционер којшто има право на глас во собранието.

в) Слободно вршење на правото на глас. Правото на глас во собранието се користи слободно од страна на секој акционер. Тоа е начело, а исклучоците се содржани во можноста за склучување на таканаречени спогодби за гласање. Спогодбите за гласање долго време беа предмет на критика поради тоа што правото на глас со нив е малку или повеќе од ограничено. Законот за трговските друштва во принцип не ги забранува спогодбите за гласање, туку тој ги забранува склучување на определен вид на спогодби. Во став 4 од членот 399 од Законот за трговски друштва е утврдено дека е ништовен договорот со кој акционер се обврзува да го врши правото на глас според упатство на органот на управување или на надзорниот одбор. Исто така, ништовен е договорот со кој акционер се обврзува да гласа за секој предлог на органот на управување или на надзорниот одбор на друштвото.

## 11. НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ НА СОБРАНИЕТО:

Законот за трговски друштва во суштина определувањето на начинот на гласање на собранието му го препушта на статутот. Во случај на молчење на статутот, законот очекува начинот на гласање да го уреди собранието. Ако и собранието не го уреди начинот на гласање го овластува претседавачот на собранието да го определи начинот на гласање.

Законот за трговски друштва тргнува од претпоставката дека на собранието ќе се гласа јавно. Гласањето, меѓутоа, може да се врши и тајно, ако е така определено во законот и статутот. Во законот е определно дека за сите избори на член на органот на управување и надзорниот одбор или за нивно отповикување гласањето е тајно, освен ако со статутот не е определено гласањето да биде јавно. Ако со статутот е определено на собранието акционерите да гласаат јавно, по барање на еден или повеќе акционери кои имаат најмалку една десетина од вкупниот број на акции со право на глас, се пристапува кон тајно гласање.

Законот за трговски друштва внесува значајна новина во поглед на начинот на гласање во собранието. Имено, со статутот може да се определи акционерите да можат да гласаат на свиканото собрание преку телефон или друго електронско средство кое е дел од јавната комуникациска мрежа. Но, апсолутен услов е да може на сигурен начин да се утврди идентитетот на секој акционер, правото на глас, начинот на воспоставување на комуникациската врска меѓу друштвото и акционерите и тоа така што гласањето да биде достапно на секој акционер и да може, со сигурност, да се евидентира извршеното гласање.

## 12. МНОЗИНСТВО СО КОЕ СЕ ДОНЕСУВААТ ОДЛУКИТЕ НА СОБРАНИЕТО:

Во Законот за трговските друштва е пропишано како општо правило одлуките на собранието да се донесуваат со апсолутно мнозинство, а не со обично мнозинство. Се смета дека е постигнато апсолутно мнозинство кога за одлуката се дадени мнозинство гласови од претставените акции со право на глас во собранието. Правилото дека одлуките на собранието се донесуваат со апсолутно мнозинство не се применува апсолутно. Оставена е можност со законот и со статутот да се определи поголемо мнозинство и да се пропишат други делови во поглед на донесувањето на одлуките на собранието.

Законот за трговски друштва на повеќе места пропишува квалификувано мнозинство за донесување на определени одлуки. Правилото за квалификувано мнозинство гласи: две третини од акциите со право на глас преставени на собранието.

## 13. ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА НА ОДЛУКИТЕ НА СОБРАНИЕТО:

Законот за трговски друштва внесува многу значајна новина и во поглед на влегувањето во сила на одлуките донесени на собранието. Во членот 402 од Законот е пропишано дека одлуките на собранието влегуваат во сила со денот на донесувањето, освен ако во одлуката не е утврден друг датум на влегување во сила. Оваа одредба се однесува без било каков исклучок на сите одлуки што ги донесува собранието, вклучувајки ги и одлуките за измена на статутот. Со тоа на многу едноставен и ефикасен начин е решено прашањето за моментот од кога одлуките на собранието произведуваат ефекти, што во досегашната практика на акционерските друштва создаваше многу нејаснотии и предизвикуваше спорови.

**5. Статутот на акционерското друштво.** Статутот на акционерското друштво Законот упатува дека е прилог кон одлуката за преобразба и е нејзин составен дел (член 511 став 1 точка 3). На содржината на статутот соодветно се применуваат одредбите од ЗТД со коишто се уредува содржината на статут при основање (член 511 став 2). Исто така ЗТД во членот 507, став 2 упатува на соодветна примена на одредбите од Законот за основање на акционерското друштво. Упатувањето на строгите услови за основање на акционерското друштво со овој член е оправдано од причини што доколку тоа не би било така, тогаш патот за заобиколување на тие одредби од ЗТД би бил да најпрвин се основа друштво со ограничена одговорност со кој потоа, тоа би се преобразило во акционерско друштво.